Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за управување со одземен имот
Бр.04- 264/1 од 20.01.2026 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 - г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16 и 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и , /20 и 208/24) и член 22, член 23 и член 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 ,288/21, 111/23 , 39/25 и 74/25 ), членот 2 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република С.Македонија" бр 242/2024), Агенцијата за управување со одземен имот објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2026

## за вработување на 1 (едно) помошно-техничко лице во Агенција за управување со одземен имот на неопределено време

Агенцијата за управување со одземен имот има потреба од вработување на 1 (едно) помошно-техничко лице на неопределено време за следното работно место:

1. **Помошно – техничко лице (Чувар Портир II), шифра УПР0402А02001** во Одделение за евиденција и преземање на одземен имот при Секторот за оперативно работење, со локација на работно место во Гевгелија, -1 извршител.

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен;
-да има општа здраствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Средно образование
- Со или без работно искуство

**Распоред на работно време:**

Работно време од понеделник до недела 8 часа дневно,40 часа во текот на неделата и работа во смени

**Паричен нето износ на основната плата: 24.970 денари**

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за управување со одземен имот.

Рокот за доставување на пријавата со потребните документи **изнесува 3 работни дена** од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатот треба да ги исполнува во моментот на пријавувањето.

CamScanner

По истекот на рокот за пријавување, изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Кандидатите се должни да поднесат **Пријава за вработување**, како и докази за исполнување на општите и посебните услови наведени во јавниот оглас, **во оригинал или заверени на нотар** и тоа:

-Уверение за државјанство;

-Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место (не постаро од 1 (една) година издадено од доктор специјалист по медицина на трудот);

- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

- Извод од историјатот на вработување од Агенција за вработување на Република С. Македонија, како доказ за работно искуство (доколку има)

- Диплома за завршен степен на образование (сите свидетелства за средно образование вклучително и дипломата за завршено средно образование)

Пријавата за Огласот може да се подигне од архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или да се преземе од веб страната на Агенцијата: www.odzemenimot.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција формирана од страна на директорот на Агенцијата за управување со одземен имот.

Јавниот Оглас ќе биде објавен на ВЕБ страната на Агенцијата за управување со одземен имот и во најмалку 2 (два) дневни весници од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. („Нова Македонија" и „Коха").

Кандидатите, пополнетата пријава и комплетната документација со која се докажува исполнувањето на условите од јавниот оглас, треба да ја достават во затворен плик во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или по пошта **согласно рокот до 23.01.2026 до 15:00 часот** на следната адреса:

Агенцијата за управување со одземен имот

Бул. Киро Глигоров бр.4, 1000 Скопје, Р.С. Македонија,

**со назнака: " За Јавен оглас за вработување бр. 01/2026", а во левиот агол на пликот назнака "не отварај"**

Контакт за информации: 02 3 209 087

Агенција за управување со одземен имот

Директор

Ирена Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR Shkup REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

CamScanner